ИНСТИТУТ
НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

***Настан за Контунирано професионално усовршување организиран од ИОРРСМ***

**КПУ настан (8 КПУ часа) 27.11.2024 година (вторник) - 09.00 до 17.00 часот, Локација: Рагуза 360⁰**

## ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| *08.40 – 09.00* | *Регистрација* |
| **09:00 – 10:30** | **Промени во Меѓународните стандарди за ревизија**<br>Целта на оваа сесија е осврт на промените во Меѓународните стандарди за ревизија од објавените во 2010 година (издание 2009) и издание 2022 кои ќе бидат објавени наскоро. |
| **Предавач:** | **Благица Шорева, овластен ревизор, FCCA** |
| 10:30 - 11:00 | *Пауза за кафе (30 мин)* |
| 11:00 – 12.30 | **Меѓународен стандард за ревизија 600**<br>Оваа сесија ќе вклучува осврт на барањата и делокругот на стандардот за ревизии на финансиски извештаи на групација (вклучувајќи ја и работата на ревизорот на компонента). Во сесијата ќе се опфатат и значајните промени во стандардот во однос на следните барања:<br>- оценка на ризик<br>- зголемени барања за документирање<br>- вклученост на групниот ревизор во ревизијата на компонентата<br>- одредување групна материјалност итн. |
| **Предавач:** | **Благица Шорева, овластен ревизор, FCCA** |
| 12:30 - 13:30 | ***Пауза (60 мин)*** |
| 13:30 - 15:00 | Значајни прашања за ревизиите (Hot topics) - каде грешиме<br>- навремено планирање на инволвираноста на одговорниот ревизор;<br>- ревизорска стратегија согласно тековните случувања кај клиентот;<br>- неконзистентност помеѓу планот и реализираните ревизорски постапки;<br>- навремено архивирање на ревизорското досие;<br>- ИТ околина - документирање на истатата и ревизорски пристап;<br>- прецизност на критериуми при ревизорски постапки околу ризик од измами;<br>- ризик од измама при евидентирање приходи (видови приходи и карактеристики на секој од нив при анализа на ризикот од измама)<br>- документирање на веродостојноста на извештаите кои се користат при ревизорски постапки;<br>- останати прашања. |
| **Предавачи:** | **Драган Давитков, овластен ревизор**<br>**Александра Кузмановска, овластен ревизор, FCCA, CIA** |
| 15:00 - 15:30 | *Пауза за кафе (30 мин)* |

15:30 – 17:00 **ESG од ревизорска перспектива**

Во оваа сесија би се опфатиле аспекти на ревизија во однос на ESG известувања од страна на нашите ревизорски клиенти.

- дали и каква одговорност има ревизорот на финансиските извештаи во случај кога клиентот објавува и дополнителен ESG извештај;
- каков вид на ангажмани за уверување можеме да прифатиме во однос на ESG извештаите на локалните друштва

**Предавачи:** **Евгенија Каркинска Лазаровска, FCCA**

**Александра Кузмановска, овластен ревизор, FCCA, CIA**

**Презентери:**

---

**Благица Шорева** е Постар Менаџер во Одделот за ревизија во КПМГ. Има учествувано во ревизиите на голем број клиенти од финансискиот, индустрискиот и комерцијалниот сектор во земјата и останатите земји од регионот. Како дел од своето професионално усовршување, Благица учествуваше во ревизијата на една од најголемите банки во светот и нејзините подружници во рамки на нејзиното двегодишно работење во КПМГ во САД.

Како резултат на менаџирањето на локални и меѓународни ангажмани, Благица има стекнато темелно разбирање на македонскиот пазар и неговото опкружување, како и на меѓународното и локалното законодавство, стандардите за известување, трендовите во индустријата и регулаторните очекувања. Покрај ревизорските ангажмани, Благица исто така има учествувано во Due diligence анализи за продажба на неколку банки во земјата и странство.

Благица е овластен предавач на Балканскиот кластер на КПМГ како и на земјите членки на КПМГ во Централна и Источна Европа за теми поврзани со ревизорските и сметководствените стандарди. Во рамки на својот ангажман како предавач, Благица учествува и во спроведување обуки на останати КПМГ предавачи, надворешни клиенти и членови на професионални асоцијации и институти.

Благица е овластен ревизор и овластен сметководител во Република Северна Македонија и член на глобалната мрежа ACCA.

***

**Драган Давитков** е Партнер во PwC Северна Македонија, Лидер за услуги за уверување на С. Македонија, Албанија и Косово.

Професионалец во ревизија со богато интернационално искуство, работејќи на Балканот/Југоисточна Европа, како и во Холандија. Драган е искусен финансиски консултант со скоро 25 години меѓународно искуство, кој соработува со најголемите компании на пазарот.

Неговите квалификации и искуство вклучуваат ревизорски, сметководствени и консултантски услуги на компании од различни индустрии како што се телекомуникациската индустрија, преработувачката индустрија, енергетската индустрија, трговијата на мало и други институции. Драган е лидер на проекти и овластен ревизор, за многу големи и сложени клиенти во Македонија и работи на големи проекти од јавниот сектор и инфраструктурата. Неговото професионално искуство вклучува бројни ангажмани за ревизија и длабинска анализа во регионот.

Како искусен менаџер, тој работеше во канцеларијата на PwC во Холандија во период од 3 години, каде што беше вклучен во бројни задачи, од каде што се стекна со значајно знаење и искуство во различни индустрии. Тој е двигател на дигиталната трансформација за МК и го формираше Центарот за компетентност за уверување со седиште во Скопје со работа на ниво на Југоисточна Европа.

Драган беше и лидер на Академијата PwC во Северна Македонија, раководејќи ја деловната единица и зема учество во спроведување на обуките за МСФИ, сметководство, даноци, финансии, обука за внатрешна ревизија и меки вештини за реномирани клиенти во земјата и во регионот.

Г-н Давитков беше исто така и член на Управниот Одбор на Институтот на Овластени Ревизори на РСМ.

***

**Александра Кузмановска** е Директор во одделот за ревизија во PwC Северна Македонија.

Александра има 19 години искуство во обезбедување професионални услуги на голем број компании во Македонија и регионот. Нејзиното искуство вклучува услуги од областа на ревизија и консултантски услуги за компании во телеком индустријата, автомобилската индустрија, фармацевтската идустрија како и производствени капацитети и трговија. Најзначајните квалификации и се во областа на вршење ревизии и преглед на финансиски извештаи подготвени во согласност со локалните сметководствени стандарди и МСФИ, како и квалификации и искуство при проверки на финансиски и оперативни интерни контроли (ревизија на SOX). Како дополнение на нејзиното ревизорско искуство, таа зема и активно учество во PwC Академијата во Северна Македонија.

Нејзиниот моментален ангажман во изминатите години е инволвираност во трансформацијата на ревизијата во регионот на Југоисточна Европа, кој опфаќа 9 територии во регионот.

Александра е овластен ревизор и овластен сметководител во Р. Северна Македонија, а во своите квалификации поседува и ACCA лиценца и лиценца за внатрешен ревизор CIA.

***

**Евгенија Каркинска Лазаровска** е Искусен Менаџер во одделот за ревизија во PwC Северна Македонија. Нејзината професионална кариера со повеќе од 18 години значајно искуство во меѓународни стандарди и нивната имплементација. Како ревизор и консултант, таа ги води ревизорските ангажмани за најголемите компании во различни индустрии, но и како консултант ги советува за најдобриот начин за имплементација на тековните предизвикувачки настани, како и советување за комплексни трансакции.

Евгенија е исто така и член на меѓународната асоцијација ACCA.